Врз основа на член 27 став 3 точка 45 од Статутот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на РСМ, а врска со член 30 став 11 од Законот за вршење на сметководствени работи (Службен весник на РСМ бр.173/22 од 01.08.2022 година, Управниот одбор на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, на 14-тата (четиринаесетата) вонредна седницата одржана на ден 26.06.2024 година ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**за измена и дополнување на Правилникот за континуирано преофесионално усовршување**

Член 1
Со оваа Одлука се врши измена и дополнување на Правилникот за континуирано професионално усовршување, заведен под арх.бр.0202-134/1 од 06.06.2024 година.

Член 2
Се врши измена и дополнување на Правилникот за континуирано професионално усовршување од член 1 на оваа одлука, во член 2 став 1 точка 16 на начин што после сврзникот „е", а пред зборот „еднодневна" се додава зборот „одобрена", па точка 16 од овој член во иднина да гласи:

**"16.КПУ Програма -** е одобрена еднодневна или повеќедневна обука составена од повеќе тематски единици." .

Член 3
Се врши измена и дополнување на Правилникот за континуирано професионално усовршување од член 1 на оваа одлука, во член 17 став 1 на начин што бројот „7" се заменува со бројот „8", па член 17 став 1 во иднина да гласи:

"Алтернативните начини на стекнување на часови за континуирано професионално усовршување уредени во член 10 став (1) точките од 2) до 8) на овој Правилник на период од три години ќе се бодуваат на следниот начин:".

Член 4
Се врши измена и дополнување на Правилникот за континуирано професионално усовршување од член 1 на оваа одлука, на начин што после членот 41 се додава нов член 42 кој гласи:

„Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за континуирано професионално усовршување, заведен со арх. бр. 0204-061 од 07.03.2024 година."

Член 5

Постоечкиот член 42 последователно преминува во член 43.

Член 6

Останатите одредби од Правилникот за континуирано професионално усовршување заведен со арх.број 0202-134/1 од 06.06.2024 година останувaат непроменети.

Член 7

На оваа одлука и претходи согласност дадена од Комисијата за образование, обука и публикации на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Северна Македонија, заведена под арх.бр.0206-165 од 24.06.2024 година.

Член 8

Се задолжува Претседателот на Институтот врз основа на оваа Одлука да изготви пречистен текст на Правилникот и истиот да се објави на веб-страната на Институтот во рок од 48 часа од донесувањето на оваа Одлука.

Член 9

Оваа Одлука се објавува на веб страната на Институтот во рок од 48 часа од нејзиното донесување.

Член 10

Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

**Претседател на Управен одбор**
**Весна Прентоска**

Арх.бр. 0202-169
26.06.2024 година

ИНСТИТУТ НА СМЕТКОВОДИТЕЛИ И ОВЛАСТЕНИ СМЕТКОВОДИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • СКОПЈЕ • ИСОС